Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 52, 15 јануари 2011 година

јануари 2011 година
Штип

С О Д Р Ж И Н А

**ПРЕГЛЕД** на наслови на теми за изработка на магистерски труд, одобрени од наставно-научниот совет на единицата ........ 3

**РЕФЕРАТ** за избор на еден соработник во звање асистент за наставно- научната област технологија на месо и месни преработки на Земјоделскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип ........ 4

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање – доцент/вонреден професор за наставно-научното подрачје стоматологија на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип ........ 7

**РЕЦЕНЗИЈА** на трудот „Медијација во кривичните предмети (македонско и светско искуство)“ од доцент д-р Љупчо Сотироски и м-р Олга Ѓуркова........ 22

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Блажо Боев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

**Р Е Ф Е Р А Т**

**ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН СОРАБОТНИК ВО ЗВАЊЕ АСИСТЕНТ ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ТЕХНОЛОГИЈА НА МЕСО И МЕСНИ ПРЕРАБОТКИ НА ЗЕМЈОДЕЛСКИОТ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТОТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” - ШТИП**

По Конкурсот, објавен во дневниот весникот „Дневник“ на 18.11.2010 година, Наставно-научниот совет на Земјоделскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип на седницата одржана на 10.12. 2010 г. донесе Одлука број 1902-213 /4 за формирање на Рецензентска комисија во состав:доцент д-р Ацо Кузелов – претседател (наставно-научна област сточарство);

1. професор д-р Митре Стојановски – член (наставно-научна област сточарство);
2. професор д-р Рубин Гулабоски – член (наставно-научна област хемија, биохемија и контрола на квалитет),

за **избор на еден соработник (во звање асистент)** за наставно-научната област технологија на месо и месни преработки на Земјоделскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип.

**И З В Е Ш Т А Ј**

На објавениот Конкурс во дневниот весник „Дневник“ на 18.11.2010 година за избор на еден соработник (во звање асистент) за наставно-научната област технологија на месо и месни преработки на Земјоделскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип се пријавија две кандидатки: **м-р Дијана Насева** и **дипл. инж. биотехнолог Сања Филиповска.**

***Биографски податоци***

Кандидатката **м-р Дијана Насева** (моминско презиме Трајчева) е родена на 8 јануари 1982 година во Штип. Основно и средно образование завршува во Штип со континуиран одличен успех. Во учебната 1999/2000 година се запишува на додипломски студии на Медицинскиот универзитет „Проф. д-р Параскев Стојанов“ во Варна, Р. Бугарија, каде дипломира и се стекнува со звање **санитарен инспектор.**

Во 2005 година се запишува на постдипломски студии на Факултетот за земјоделски науки и храна, отсек Технологија на анимални производи, група Технологија на месо. Предвидените испити од постдипломските студии ги завршува со просечен успех 8,80. На 13 октомври 2010 успешно го одбранува магистерскиот труд со наслов „Квантитативна проценка на трупот од ноеви Struthiocamelus L. и споредба на хемискиот состав на ноево, пилешко и јунешко месо“, со што се стекнува со титула **магистер по земјоделски науки**, група Технологија на месо.

Од 2 февруари 2007 година, м-р Дијана Насева е вработена на Земјоделскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип како соработник (помлад асистент) во областите микробиологија, индустриска микробиологија, месо и преработки од месо. Кандидатката во овој период активно учествува во одржувањето на вежбите по предметите Микробиологија, Индустриска микробиологија и Месо и преработки од месо на универзитетските кампуси во Штип, Струмица и Свети Николе. Притоа учествува и во изработка на наставни содржини за научната област микробиологија и индустриска микробиологија. Како резултат на нејзината активност, таа учествува и во изработката на интерна скрипта/практикум за вежби по микробиологија, индустриска микробиологија и месо и преработки од месо.

Во рамките на Универзитетот, м-р Дијана Насева е ангажирана и при запишување на студентите на прв циклус студии на Земјоделскиот факултет, а активно учествува и во реализацијата на повеќе емисии на Универзитетското радио „УГД ФМ“. Кандидатката

добро ги владее англискиот и бугарскиот јазик, како и компјутерските програми: Word, Excel, Power Point, Internet, а има и основни познавања од Photoshop.

Кандидатката **Сања Филиповска** е родена на 3 декември 1982 година. Основно и средно образование завршува во Штип. Во учебната 2002/2003 година се запишува на Факултетот за биотехнички науки при Универзитетот „Св. Климент Охридски" во Битола, каде дипломира и се стекнува со звање **дипломиран инженер по преработка на анимални производи**.

Од ноември 2007 година е вработена во ДООЕЛ ГТМ Компани – Штип. како продавач во текстилна продавница.

Во учебната 2009/2010 година е запишана на постдипломски студии на Земјоделскиотфакултет при Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип, модул Преработка и контрола на анимални производи.

Добро ги владее англискиот јазик и компјутерските програми: Word, Excel, Power Point, Internet, Corel Draw.

***Научноистражувачка дејност***

Во досегашната научноистражувачка работа, кандидатката **м-р Дијана Насева** пројавува значителен интерес за поголем број проблематики од областа на технологијата на месо и производи од месо. Притоа, кандидатката има објавено неколку научни и стручни трудови:

1. A. Kuzelov, **Дијана Насева,** G. Bojkov (2009) Statistical processing of the Chemical Analysis of some meat Products. Годишен зборник на Земјоделски факултет, Универзитет „Гоце Делчев" – Штип.
2. A. Kuzelov, **Dijana Naseva** (2009) Carcass categorization and chemical composition of ostrich meat. IV international Symposium of Livestock Production, Struga 2009.
3. А. Кузелов, **Дијана Трајчова**, Наталија Маркова, Билјана Балабанова (2007). Влијание на ферментот колагеназа врз структурно-механичките карактеристики на конзервите од месо (49-56) Годишен зборник на Земјоделски факултет, Универзитет „Гоце Делчев" – Штип.
4. А. Кузелов, **Дијана Трајчова**, Наталија Маркова, Билјана Балабанова (2006). Влијанието на различни концентрации на глуконо-делта лактон врз промените на pH во процесот на зреење на сировите колбаси (356-40). Годишен зборник на Земјоделски факултет, Универзитет „Гоце Делчев" - Штип.

Кандидатката **Сања Филиповска** нема наведено список на трудови или презентации од нејзината научноистражувачка дејност.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Според критериумите за избор во звање асистент, член 130 од Законот за високото образование на Република Македонија, пропишано е дека „за асистент може да биде избрано лице кое има завршено студии од втор циклус од соодветното научно подрачје (титула магистер) и најмалку три години работно искуство". Комисијата констатира дека условите пропишани со Конкурсот ги исполнува само кандидатката м-р Дијана Насева.

Врз основа на приложените материјали од двете кандидатки, како и од анализата на нивните биографии, Рецензентската комисија со посебна чест и задоволство му предлага на Наставно-научниот совет на Земјоделскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип **да ја избере кандидатката м-р Дијана Насева во звање *асистент* за наставно-научната област технологија на месо и месни преработки.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Доцент д-р Ацо Кузелов – претседател, с.р.**
**Проф. д-р Митре Стојановски – член, с.р.**
**Проф. д-р Рубин Гулабоски – член, с.р.**

**ТАБЕЛА**

**за вреднување на активностите на кандидатката м-р Дијана Насева, според критериумите за избор на наставници и соработници на Универзитетот „Гоце Делчев” во Штип**

| **Вид на активност** | **Број** | **Поени** | **Вкупно** |
|---|---|---|---|
| **Наставно-образовна (НО)** | | | |
| Вежби по предметот Микробиологија | 6 | 0.2 | 1.2 |
| Вежби по предметот Индустриска микробиологија | 4 | 0.2 | 0.8 |
| Вежби по предметот Месо и преработки од месо | 2 | 0.2 | 0.4 |
| Интерна скрипта од предавања по Микробиологија | 1 | 4 | 4 |
| Интерна скрипта од предавања по Индустриска микробиологија | 1 | 4 | 4 |
| Интерна скрипта од вежби по Микробиологија | 1 | 2 | 2 |
| Интерна скрипта од вежби по Индустриска микробиологија | 1 | 2 | 2 |
| Интерна скрипта од вежби по Месо и преработки од месо | 1 | 2 | 2 |
| Учество во образовна РТВ програма | 1 | 0.5 | 0.5 |
| **Научноистражувачка (НИ)** | | | |
| Оригинални научни трудови | 1 | 4 | 4 |
| Стручни трудови | 3 | 3 | 9 |
| Одбранета магистерска работа | 1 | 4 | 4 |
| **ВКУПНО:** | | | **33.9** |